**Република Северна Македонија**
**Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен**

25.11., 2019

Архивски број: 0401-1431/10

Врз основа на член 51 и член 52 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 05/16, 142/16 и 11/2018), Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на Република Македонија" број 11/15 и 35/18), а во врска со објавениот Интерен оглас број 02/2019 за унапредување на административни службеници, Генералниот секретар на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен донесе

**ОДЛУКА**
**за извршен избор на (1) извршител – кандидат за административен службеник на работно место Советник за подготовка на буџет и буџетска координација**

1. За извршител на работното место Советник за подготовка на буџет и буџетска координација се избира кандидатот

   - ЌЕБИР ХАСАНИ

2. Именуваниот ќе биде вработен на горенаведеното работно место по конечноста на оваа Одлука.
3. Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето.

**Образложение**

Комисијата за селекција и унапредување на административни службеници формирана од страна на Генералниот секретар на Државната комисија за одлучување ву управна постапка и постапка од работен однос во втор степен со Решение број 0401-1431/6 од 20.11.2019 година, спроведе постапка за унапредување на административни службеници по објавениот Интерен оглас 02/2019 година на Веб страницата на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен и Агенцијата за администрација согласно член 51 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ" број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 05/16, 142/16 и 11/18) и Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на Република Македонија" број 11/15 и 35/18).


Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен
Кеј Димитар Влахов бр.4, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3211 343
www.dkz.mk